Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.154/23“), Колективниот договор за вработените во Општина Велес бр. 08-177/1 од 12.01.2022 година (Договорот за измени на Колективниот бр.08-177/2 од 31.03.2022 година и Договорот за измени на Колективниот бр.08-177/3 од 25.11.2022 година), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден__.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување**
**на Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година („Службен гласник на Општина Велес бр. 15/24“) во членот 10, став 1 алинеја 1 текстот „кој изнесува 2,79“, се брише.

**Член 2**

Во член 22 став 1 текстот: „информатичко општество и администрација“ се заменува со текстот: „јавна администрација“.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година со бр. 25-2397/14 од 22.04.2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.5/25).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Совет на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение:

На ден 04.02.2025 година до Општина Велес е доставено Известување со арх. бр. 10-971/1 од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, Сектор за буџет и фондови.

Со Известувањето, се укажува на определени забелешки кои се констатирани од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, Сектор за буџет и фондови во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

Потребно е да се постапи по однос на наведените забелешки и да се донесе Одлука за за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година и истата да се достави до Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Прим.: 04 -02- 2025
Орг.: 10 Број: 924/1 Вредност: 1

– Сектор за буџет и фондови

**Архивски број: 08-1/519-1-2024**
**Датум:**
30 -01- 2025
**До: Општина Велес**

**Предмет: Известување**
**Врска: Ваш допис бр. 08-5214/1 од 27.12.2024 година**

Почитувани,

При контрола на Буџетот на општина Велес за 2025 година бр. 25-5208/2 од 27.12.2024 година констатирано е дека во член 1 од Фискалната табела во делот III. потребно е „Суфицит" да се избрише.
Во Посебниот дел на потпрограмите ЈЛЕ - Изградба на катна гаража планирани се средства во износ од 118.822.792 денари, во ЈЛГ - Реконструкција на дел од ул. Раштански пат, Д.Влахов, Б.Трајковски и А.Д.Баума планирани се средства во износ од 9.922.279 денари и во ЈЛВ - Реконструкција на дел од ул. П.Прличев, Кресненско востание и Н.Бутникошар планирани се средства во износ од 9.116.124 денари. При тоа се констатира дека не се планирани на соодветни програми кои се утврдени во Прилог 2 од Буџетскиот циркулар за 2025 година во кој се дадени конкретни објаснувања и насоки расходите да се планираат на соодветните програми.
Во делот на материјалот кој се однесува на Образецот В1 - План на програми за развој констатирано е дека истиот не е доставен во целост, како и тоа дека во прилог не е доставена Одлуката за донесување на Планот на програмите за развој за 2025 година. Истовремено, укажуваме дека Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по: одделни буџетски програми и потпрограми, години во кои истите ќе се реализираат и извори на финансирање, односно буџети. Имајќи го предвид претходното, укажуваме дека проекти кои се финансираат во текот на една фискална година не се развојни програми и истите не треба да се вклучуваат во Планот на програмите за развој.
Развојната потпрограма ЈЛЕ - Изградба на катна гаража потребно е да се укине како развојна програма, имајќи предвид дека истата е едногодишна и ќе биде финансирана во текот на 2025 година.
Согласно претходното, при подготовка на наредните Измени и дополнувања на Буџетот на општина Велес за 2025 година потребно е во горенаведената


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255 536
www.finance.gov.mk

потпрограма да се вклучи целиот износ на финансиски средства кои се обезбедени од страна на Министерството за транспорт за изградба на катната гаража.

Исто така во Билансот на приходи и расходи за 2026 и 2027 година констатирано е дека вкупните износи одделно по буџети не се во баланс и потребно е истите да се коригираат и да се доставаат до Министерството за финансии.

Согласно претходното, ве известуваме дека е потребно да се земат во предвид горенаведените забелешки, по истите да се постапи и да се доставаат до Министерство за финансии.

Во врска со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Велес за 2025 година бр. 25-5208/3 од 27.12.2024 година, Министерството за финансии ви укажува дека во член 10 став 1 алинеа 1 текстот „кој изнесува 2,79“ потребно е да се избрише.

Во член 18 од Одлуката висината на јубилејната награда утврдена во колективниот договор на ниво на работодавач потребно е да се усогласи со висината на овој надоместок утврден во Општиот колективен договор за јавен сектор.

Во член 22 од Одлуката потребно е текстот „информатичко општество и администрација“ да се замени со текстот „јавна администрација“.

Имајќи го во предвид претходно споменатото, ве известуваме дека е потребно да донесете Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општината Велес за 2025 година и да ја доставите до Министерството за финансии.

Со почит,

Државен советник
Аница Ивановска - Стрезовски

Изработил: Александра Петкановска Трпеска
Проверил: Радмила Сандева Крстова
Одобрил: Floreta Hasani


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 536
www.finance.gov.mk